*Прилог бр. 2*

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ (ДИСЦИПЛИНА) ПСИХОЛОГИЈА НА ОБРАЗОВАНИЕ И ВОСПИТУВАЊЕ И ДРУГО, НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Филозофски факултет, Институтот за психологија, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ од 5 март 2019 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) психологија на образование и воспитување и друго (психологија на партнерски односи), и врз основа на Одлуката со бр. 04-274/9, донесена на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет, на XIX редовна седница, формирана е Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Зоран Стојановски, проф. д-р Виолета Арнаудова и проф. д-р Елена Ачковска Лешковска.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област (дисциплина) психологија на образование и воспитување и друго (Психологија на партнерски односи), во предвидениот рок се пријави проф. д-р Орхидеја Шурбановска, вонреден професор на Институтот за психологија при Филозофскиот факултет во Скопје.

### 7. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката проф. д-р Орхидеја Шурбановска е родена на 11 јануари 1966 година, во Скопје. Основно и средно образование завршила во Скопје. Дипломирала на Институтот за психологија при Филозофскиот факултет во Скопје во 1989 година, со просечен успех 9,00. Кандидатката активно се служи со англискиот јазик.

Во учебната 1998 се запишала на магистерски студии на Институтот за педагогија, насока - дидактика. Во 2002 година го одбранила магистерскиот труд на тема: „Социоемоционална клима во класот – реални и посакувани состојби“. Во 2000 година се запишала на магистерски студии на Институтот за психологија, насока – педагошка психологија. Во 2004 година ја одбранила магистерската теза со наслов: „Психосоцијална клима и социјална положба на учениците во одделенијата со активна и традиционална настава“. Докторската дисертација ја пријавила во 2005 година на Институтот за психологија. Дисертацијата на тема: „Семејството и врсниците како фактори на социјалното однесување на детето во училишната средина“, ја одбранила во 2009 година, пред Комисија во состав: проф. д-р Зоран Стојановски, проф. др. Олга Мурџева Шкариќ, проф. др. Виолета Арнаудова, проф. др. Михајло Поповски и проф. д-р Елена Ачковска Лешковска. Со тоа се стекнала со научниот степен доктор на науки од научната област педагошка психологија.

Проф. д-р Орхидеја Шурбановска своето професионално работно искуство го започнала во 1990 година како училиштен психолог во основно училиште во Скопје. Од 1991 до 1999 година работела како училиштен психолог и професор по психологија во гимназијата „Никола Карев“ во Скопје. Од 2000 година до денес работи на Институтот за психологија при Филозофскиот факултет во Скопје, прво како помлад асистент, асистент, доцент, а од 2014 година како вонреден професор (Билтен бр. 1082 од 15 август 2014 година).

Своето знаење го проширува и во апликативната област на психологијата, и тоа во едукација за Гешталт психотерапија, во траење од 980 часа (1989-1993), и тренинг во областа на методологијата на истражувањата (2009), во организација на Европската асоцијација на истражувачи на адолесценцијата (EARA).

Таа е член на повеќе научноистражувачки организации, како и организации со апликативни дејности, и тоа:

- во Меѓународната организација која поддржува и организира научноистражувачка дејност „Center for the Study of Interpersonal Acceptance & Rejection“, University of Connecticut, USA. Во рамките на соработката со оваа меѓународна организација, проф. Шурбановска, во мај 2018 година, го организира гостувањето и предавањето на проф. емеритус д-р Роналд Рохнер (University of Connecticut, USA) на Филозофскиот факултет во Скопје. https://csiar.uconn.edu/person/orhideja-shurbanovska-macedonia/
- еден е од основачите на Здружението за дислексија „Ајнштајн“, каде што активно учествува во истражувањата во таа област и врши обуки на наставници и професори од основните и средните училишта во државава;
- член е на Рецензентскиот одбор на меѓународното научно списание IJCRSEE;
- член е на организациониот одбор на две Меѓународни конференции по психлогија на Институтот за психологија, 2014 и 2019.

Во моментот, таа е раководител на втор циклус студии на Институтот за психологија на Филозофскиот факултет, со мандат од 2017 до 2021 година.

Проф. д-р Орхидеја Шурбановска, како дипломиран психолог, магистер и доктор по псхолошки науки, ја врши педагошката, научноистражувачката работа, како и апликативните дејности на професионален план во значаен опфат на психолошката дисциплина во која аплицира. Таа има искуство како пркатичар во психологијата вршејќи ја работата училиштен психолог во основно и средно образование 1991-1998, а од 1999/2000 година како помлад асистент, па сè до вонреден професор ан Институтот за психологија, денес. Ги предава предметите: Педагошка психологија, Психологија на образованието и воспитувањето, Психологија на семејството, Училишна интеракција, Психологија на партнерски односи и др. Наставната работа ја врши на сите три циклуси на програмата за психологија, при Институтот за психологија. Исто така, таа е еден од професорите кои ја изведуваат наставата на Институтот за семејни студии при Филозофскиот факултет на предметите: Процес на социјализација во семејството, Психологија на родителството и Психологија на партнерски односи. Нејзината научноистражувачка работа е прикажана во објавените стручни и научни трудови во научни списанија и зборници со меѓународен карактер, како и преку учествата на меѓународни конференции, симпозиуми и семинари дома и во странство.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од денот на последниот избор до денес, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 8. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

**Наставно-образовна дејност**

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Филозофски факултет, Институт за психологија, кандидатката д-р Орхидеја Шурбановска изведува настава на прв и втор циклус студии на студиските програми: по психологија, на семејните студии и на студиите по дефектологија, како и на студиите за малолетничка деливенција.

Кандидатката била ментор на 70 дипломски работи, учествувала како член во комисија за оцена/или одбрана на 40 дипломски и на 7 магистерски трудови. Ментор била на 3 магистерски работи. Како вонреден професор на Институтот за психологија ги предава предметите: Педагошка психологија, Методика на настава по психологија, Психологија на семејството, Училишна интеракција. На Институтот за семејни студии ги предава предметите: Процес на социјализација во семејството, Психологија на родителство и Психологија на партнерски односи. На втор циклус студии по психологија ги предава предметите: Врсничка интеракција и други. На студиите од втор циклус за малолетничка деликвенција го предава предметот Интеракција на млади во конфликтни ситуации, а на студиите по специјална едукација и рехабилитација го води предметот Психологија на слепи и слабовидни деца.

Кандидатката е коавтор на рецензиран учебник под наслов „Процена и стратегии за работа со ученици со дислексија, дискалкулија, дисграфија и диспраксија“.

**Научноистражувачка дејност**

Во рамките на научноистражувачката дејност, во периодот по нејзиниот избор во звањето вонреден професор, д-р Орхидеја Шурбановска, покажала забележителна активност во областа од нејзиниот научен интерес.

Проф. д-р Орхидеја Шурбановска во периодот од нејзиниот избор за доцент и вонреден професор до денес има објавено повеќе книги и статии во научни списанија и зборници со меѓународен уредувачки одбор. Таа е автор на монографиите: „Другарството меѓу врсниците (психолошки аспекти)“, издадена во 2018 година, и „Родителите и однесувањето на детето во училиштето“, издадена во 2013 година (во периодот на наставно-научното звање доцент). Издавач на двете монографии е Филозофскиот факултет во Скопје.

Во последните 5 години објавени ѝ се 9 статии во научни списанија и зборници од конференции со меѓународен рецензентски одбор во кои учествуваат членови од најмалку три земји. Една од нејзините статии е објавена во списание кое е индексирано во базата на податоци Scopus.

1. Shurbanovska, O., Kitkanj, Z., Ristovska N. (2017). Parental acceptance–rejection and emotional intelligence among adolescence with and without delinquent behavior. Родителското прифаќање/отфрлање и емоционалната интелегенција кај адолесценти со и без деликвентно однесување, Journal of special education and rehabilitation, Skopje, Vol. 18/3-4, 55-71. SCOPUS
2. Shurbanovska, O. (2018). *Scale for Higher Education Teaching – Teacher-oriented or Student-oriented*. Empirical studies in Psychology, Belgrade,xxxx 50-53
3. Шурбановска, О. (2016). *Поучување во високото образование - насочено кон наставникот или насочено кон студентот/Teaching in higher education – teacher centered or student centered, International* Journal for Education, Research and training, Vol.2/2, 91-105
4. Шурбановска, О. (2015). *Семејните односи и односите меѓу врсниците како предиктори на срамежливоста на учениците*. Просветно дело - Списание за теорија и практика на образованието, LXVIII/4, 56-73
5. Шурбановска, О., Фрицханд, А., Блажевска Стоилковска Б. (2016). *Односите родител дете во семејствата денес*. Социолошка ревија, vol. XVII/. 2, 49-63
6. Blazevska-Stoilkovska, B., Zaharia, D., Chudzicka Czupala, A., Surbanovska, O., & Fritzhand, A. (2016). *Boundary Flexibility and Transitions Over The Work and Family Domains: Gender and Cross-cultural Differences*. Зборник на трудови од Меѓународната конференција за теорија и практика во психологијата, Скопје.
7. Шурбановска, О., (2016). *Специфичните тешкотии во учењето кај учениците – дислексија*, Годишен зборник на Филозофскиот факултет, кн. 69/ 201-214
8. Шурбановска, О., (2018). *Приказ на прашалникот за перцепирано родителско прифаќање – отфрлање (PARQ), Description of the questionnaire on perceived parental accetptance–rejection* (PARQ), Годишен зборник на Филозофскиот факултет, кн. 71/ 235-258
9. Николовски Д., Шурбановска О., (2018). *Дислексијата (не)препознаена од Институциите – Тешкотии во учењето (дислексија) кај средношколците во Република Македонија*, во: 5та Меѓународна конференција, „Трансформација кон одрживо и флексибилно општество за лицата со инвалидност“, Скопје, Филозофски факултет, 377-395

Таа, во периодот од нејзиниот последен избор, учествувала на 13 меѓународни конференции со свои оригинални истражувања од областа на психологијата, во повеќе земји, како: Хрватска, Грција, Србија, Португалија, Шпанија, и кај нас.

Таа е член на светската меѓународна организација која поддржува и организира научноистражувачка дејност „Center for the Study of Interpersonal Acceptance & Rejection“, University of Connecticut, USA (https://csiar.uconn.edu/person/orhideja-shurbanovska-macedonia).

Проф. Шурбановска е рецензент на една монографија и на повеќе стручни трудови објавени во меѓународни научни списанија. Исто така, по покана на Универзитетот Vizion, Гостивар, одржала предавање на студентите на тема „Дислексија и социо-емоционалниот развој кај децата“.

Според напишаното во нејзините трудови, монографии и статии, може да оцениме дека проф. д-р Орхидеја Шурбановска покажала продлабоченост и длабока анализа на проблемите кои

таа ги обработува. Нејзините текстови, рецензирани од врвни познавачи на проблематиките кои таа ги обработува, покажуваат дека кандидатката е одличен познавач на научноистражувачката област што таа ја проучува.

**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

Д-р Орхидеја Шурбановска активно е вклучена во стручно-апликативната работа на Здружението за дислексија „Ајнштајн“. Седум семинари: „Дислексија, пристап, форми и методи“, одржани на наставници од основни и средни училишта во Република Македонија во периодот 2015 до 2018 година во Скопје (3), Битола, Охрид, Струмица, Штип и други.

Предавач била на семинарот: Пристап до генерација Z и генерација ALPHA. Учествува во проектот „Инфо ѕид“, во изработка на содржините на веб-страни за дислексија во средните училишта. http://www.dyslexia-info.com/ http://disleksija.org.mk/

Кандидатката д-р Орхидеја Шурбановска остварила експертски активности како оценувач во рамките на проектот “Further improvement of the system for development and implementation of the National Qualifications Framework” – MK 13 IPA SO 02 15 , понатаму, во изработка на наставни програми за средно стручно сообраќајно училиште, како и изработка на елаборат за II циклус студии по психологија, 2018-2022 година.

Особена активност кандидатката покажува во дејностите од поширок интерес. Активно е вклучена во работата на стручни комисии и работни групи при изработка на наставни програми за средно стручно училиште, Потпретседател на Комисијата за прием на студенти на Филозофскиот факултет во 2018 и други.

Кандидатката учествувала како рецензент за издавање на монографија: Насилството во училиште: Социолошки, психолошки и педагошки перспективи, Скопје, 2018; на повеќе трудови од Годишниот зборник на Филозофскиот факултет; во списанието IJCRSEE и други. Била член на рецензентски комисии за избор на едно лице во наставно-научно звање доцент (на Јулијана Стојанова – Воена академија). Во изборниот период, д-р Орхидеја Шурбановска учествувала во изготвување и пријавување на 3 стручно-апликативни проекти (Образец 2).

**Оценка од самоевалуација**

Кандидатката д-р Орхидеја Шурбановска, од 2014 до 2019 година, добивала позитивни оценки од анонимно спроведената анкета на студентите на Филозофскиот факултет (9,23).

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Орхидеја Шурбановска.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Орхидеја Шурбановска поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето редовен професор во научната област психологија на образование и воспитување и Друго.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, д-р Орхидеја Шурбановска да биде избрана во звањето **редовен професор** во научната област психологија на образование и воспитување и друго.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**
**Проф. д-р Зоран Стојановски с.р.**
**Проф. д-р Виолета Арнаудова с.р.**
**Проф. д-р Елена Ачковска Лешковска с.р.**

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – РЕДОВЕН ПРОФЕСОР

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус *<br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 9,00<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 9,50 | да |
| 2 | Научен степен – доктор на психолошки науки, од областа психологија на образование и воспитување: Педагошка психологија, Психологија на семејство, Училишна интеракција, Процес на социјализација во семејството, Методика на наставата по психологија и други.<br>Друго: Психологија на партнерски односи. | да |
| 3 | Објавени најмалку шест рецензирани научни труда ** во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор | да |
| 3.1 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>1. Назив на научното списание: Journal of special education and rehabilitation, v. 18/3-4, Skopje, 2017, 55-71 (коавтор) SCOPUS<br>2. Назив на електронската база на списанија: jser.fzf.ukim.edu.mk<br>3. Наслов на трудот: Parental acceptance and rejection and emotional intelligence among adolescents with and without delinquebt behavior<br>4. Година на објава: 2017 | да |
| 3.2. 1 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови<br>1. Назив на научното списание: Empirical studies in Psychology<br>2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): 32, 21 од Србија, 5 од | да |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | Хрватска, 2 од Велика Британија, 1 од Португалија, 1 од Германија, 1 од Италија, 1 од Холандија,<br>3. Наслов на трудот: Scale for Higher Education Teaching – Teacher-oriented or Student-oriented<br>4. Година на објава: 2018 | |
| 3.2.2. | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови<br>1. Назив на научното списание: International Journal for Education and Training<br>2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): 35, 9 од Македонија, 5 од Србија, 4 од Хрватска, 3 од Италија, 3 од Русија, 2 од Германија, 2 од Словенија, 1 од Албанија,1 од Романија, 1 од Бугарија, 1 од САД, 1 од Турција, 1 од Црна Гора, 1 од БиХ<br>3. Наслов на трудот: Teaching in higher education – teacher centered or student centered<br>4. Година на објава: 2016 | да |
| 3.2.3. | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови<br>1. Назив на научното списание: Годишен Зборник на Филозофскиот факултет - Скопје<br>2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): 11, 1 од Македонија, 2 од Србија, 2 од Германија, 2 од Полска, 1 од Бугарија, 1 од Република Ирска, 1 од Хрватска, 1 од САД<br>3. Наслов на трудот: Специфичните тешкотии во учењето кај учениците – дислексија<br>4. Година на објава: 2016 | да |
| 3.2.4. | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови<br>1. Назив на научното списание: Годишен зборник на Филозофскиот факултет - Скопје<br>2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): 11, 1 од Македонија, 2 од Србија, 2 од Германија, 2 од Полска, 1 од Бугарија, 1 од Република Ирска, 1 од Хрватска, 1 од САД<br>3. Наслов на трудот: Description of the questionnaire on perceived parental accetptance – rejection (PARQ)<br>4. Година на објава: 2018 | да |
| 3.2.5. | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при | да |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови<br>1. Назив на научното списание: Социолошка Ревија/Sociological Review<br>2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): 7, 2 од Македонија, 1 од Полска, 1 од Австрија, 1 од Бугарија, 1 од Србија, 1 од Хрватска<br>3. Наслов на трудот: Односите родител дете во семејствата денес, Relationship parent-child today.<br>4. Година на објава: 2016 | |
| 3.2.6. | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови<br>1. Назив на научното списание: Просветно дело. Списание за теорија и практика во образованието<br>2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): 11, 5 од Макеоднија, 1 од Србија, 1 од Словенија, 1 од Русија, 1 од Албанија, 1 од Косово, 1 од БиХ<br>3. Наслов на трудот: Семејните односи и односите меѓу врсниците како предиктори на срамежливоста на учениците<br>4. Година на објава: 2015 | да |
| 3.3 | Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји<br>1. Назив на зборникот: Зборник на трудови - Меѓународна конференција за теорија и практика во психологијата<br>2. Назив на меѓународниот собир: _ Меѓународна конференција за теорија и практика во психологијата<br>3. Имиња на земјите: Турција, Словенија, Италија, Швајцарија, Хрватска, Србија, Полска, Бугарија, Чешка Република, Романија, Македонија<br>4. Наслов на трудот: Boundary Flexibility and Transitions Over The Work and Family Domains: Gender and Cross-cultural Differences<br>5. Година на објава: 2016 | да |
| 4 | Објавен рецензиран учебник, монографија, практикум или збирка задачи од научната област за која се избира ***<br>1. Наслов на монографијата: Другарството меѓу врсниците (психолошки аспекти), Филозофски факултет - Скопје, 2018.<br>2. Наслов на учебникот: Процена и стратегии за работа со ученици со дислексија, дискалкулија, дисграфија и диспраксија, Филозофски факултет, Скопје, 2017. | да |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 5 | Претходен избор во наставно-научно звање – вонреден професор, датум и број на Билтен: бр. 1082, 15 август 2014 | да |
| 6 | Има способност за изведување на високообразовна дејност | да |

* На лицата кои имаат засновa работен однос на Универзитетот или на некој од универзитетите во Република Македонија во моментот на стапување во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Републиа Македонија бр.82/2018), нема да се применуваат одредбите од Законот кои се однесуваат на просекот, односно дека лицата треба да имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус. Во овој случај, полето под реден број 1 не се пополнува.

** За кандидатот/ите кој има повеќе од 6 (шест) научни труда во референтна научна публикација, рецензентската комисија научните труда ќе ги наведе, ќе ги оцени и ќе ги вреднува во Образец 2.

***Наведениот услов ќе се применува по истекот на три години од денот на стапувањето во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр.82/2018).

# ОБРАЗЕЦ 2
# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ

**Кандидат: Орхидеја Ристе Шурбановска**
**Институција: Институт за психологија- Филозофски факултет, Скопје**
**Научна област: психологија на образование и воспитување, друго**

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | **Одржување на настава од прв циклус студии** | |
| | Педагошка психологија, 2014-2019 | 27 |
| | Методика и Методика на настава по психологија, 2014-2018 | 9,6 |
| | Психологија на наставата, 2015-2019 | 1,8 |
| | Психологија на семејството, 2014-2019 | 12 |
| | Училишна интеракција, 2014-2019 | 12 |
| | Психологија на партнерски односи, 2015-2017 | 7,2 |
| | Психологија во образованието и воспитанието (Филолошки факултет), 2014- 2015 | 2,4 |
| | Процес на социјализација на семејството, (2016-2019) | 12 |
| 2. | **Одржување на настава на од втор циклус студии** | |
| | Педагошка психологија, 2014- 2018 | 7 |
| | Психологија на семејството, 2014- 2019 | 18,75 |
| | Врсничка интеракција, 2014- 2019 | 18,5 |
| | Методика на обука на човекови ресурси, 2014- 2019 | 11,25 |
| | Интеракција на млади во конфликтни ситуации, 2014-2019 | 11,25 |
| 3. | **Консултации со студенти** | 3,5 |
| 4. | **Ментор на дипломски работи** | 15 |
| 5. | **Член на дипломски работи** | 4,5 |
| 6. | **Член на комисија за оцена и одбрана на магистерски труд при Филозофски факултет**<br>1 .Анита Азеска<br>2. Анита Стојческа<br>3. Биљана Дамческа Наумовска<br>4. Елена Попоска<br>5. Марија Максимовска<br>6. Марија Миленковиќ<br>7. Соња Милошевска | 2,1 |
| | **Вкупно** | 175,85 |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | **Ментор на магистерски трудови**<br>1. Наташа Ристовска<br>2. Наталија Дединец<br>3. Фики Гаспар | 3 |
| 2. | **Учесник во национален проект**<br>Интеракција помеѓу работата и семејството: Испитување на важноста, интегрираноста, контролата и | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| | конфликтот на работните и семејните улоги кај наставниците во Р. Македонија (2017-2018), Филозофски факултет | |
| | **Учесник на национален проект** „Инклузивни образовни политики за учениците со дислексија", финансиран од Фондацијата Отворено општество – Македонија (2017) | 3 |
| 3. | **Монографија Другарството меѓу врсниците (психолошки аспекти)**, Филозофски факултет, Скопје, 2018 | 8 |
| 4. | **Дел од учебник:** **Процена и стратегии за работа со ученици со дислексија, дискалкулија, дисграфија и диспраксија**, Филозофски факултет, Скопје, 2018 (коавтор) | 4 |
| 5. | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование** 1. *Shurbanovska, O., Kitkanj, Z., Ristovska, N. (2017). Parental acceptance–rejection and emotional intelligence among adolescence with and without delinquent behavior. Родителското прифаќање/отфрлање и емоционалната интелегенција кај адолесценти со и без деликвентно однесување,* Journal of special education and rehabilitation, Skopje, Vol. 18/3-4, 55-71. SCOPUS | 4,8 |
| | 2. Shurbanovska, O. (2018). *Scale for Higher Education Teaching – Teacher-oriented or Student-oriented.* Empirical studies in Psychology, Belgrade, str. 50-53 | 5 |
| | 3. Шурбановска, О. (2016). *Поучување во високото образование - насочено кон наставникот или насочено кон студентот/Teaching in higher education – teacher centered or student centered, International* Journal for Education, Research and training, Vol.2/2, 91-105 | 5 |
| | 4. Шурбановска, О. (2015). *Семејните односи и односите меѓу врсниците како предиктори на срамежливоста на учениците.* Просветно дело - Списание за теорија и практика на образованието, LXVIII/4, 56-73 | 5 |
| | 5. Shurbanovska, O., Frichand, A., Blazevska Stoilkovska B. (2016). *Parent-child relationship in the family today,* The Sociological Review, vol. XVII/. 2, 49-63 | 3,5 |

| | | |
|---|---|---|
| | 6. Blazevska-Stoilkovska, B., Zaharia, D., Chudzicka Czupala, A., Surbanovska, O., Fritzhand, A. (2016). *Boundary Flexibility and Transitions Over The Work and Family Domains: Gender and Cross-cultural Differences.* Зборник на трудови од Меѓународната конференција за теорија и практика во психологијата, Скопје, стр.122-141. | 3,5 |
| | 7. Шурбановска, О. (2016). *Специфичните тешкотии во учењето кај учениците – дислексија,* Годишен зборник на Филозофскиот факултет, кн. 69/ 201-214 | 5 |
| | 8. Шурбановска, О., (2018). *Приказ на прашалникот за перцепирано родителско прифаќање – отфрлање (PARQ), Description of the questionnaire on perceived parental accetptance–rejection* (PARQ), Годишен зборник на Филозофскиот факултет, кн. 71/ 235-258 | 5 |
| | 9. Николовски Д., Шурбановска О., (2018). *Дислексијата (не)препознаена од Институциите – Тешкотии во учењето (дислексија) кај средношколците во Република Македонија,* во: 5та Меѓународна конференција, „Трансформација кон одржливо и флексибилно општество за лицата со инвалидност", Скопје, Филозофски факултет, 377-395. | 4,5 |
| **6.** | **Учество на научен/стручен собир со реферат – усна презентација и објавен абстракт:**<br>1. Шурбановска, О. (2014). *Родителската и врсничката интеракција како фактори на агресивното однесување на детето во училиштето.* Меѓународна конференција за теорија и практика во психологијата, Скопје. | 2 |
| | 2. Blaževska Stoilkovska B., Zaharia D., Chudzicka A., Šurbanovska O., Frchand A. (2014). *Boundary flexibility and transitions over the work and family domains: Gender and crosscultural differences.* Меѓународна конференција за теорија и практика во психологијата, Скопје. | 1,2 |
| | 3. Shurbanovska, O., Blazhevska Stoilkovska, B., Fritchand, A. (2015). *Boundary flexibility, transitions between work and family domains and life satisfaction among Macedonian full-time employees,* XXII Dani Ramira I Zorana Bujasa, Zagreb, Croatia. | 1,6 |
| | 4. Blazevska Stoilkovska, B., Shurbanovska, O., Fritzhand, A. (2015). *Односот на транзициите помеѓу областите, конфликтот работа-семејство и исцрпувањето: ублажувачката улога на родот.* Труд презентиран на Меѓународната научна конференција-Соочување со општествените трауми: | 1,6 |

| | | |
|---|---|---|
| | предизвик за социолошките истражувања Скопје. | |
| | 5. Shurbanovska, O., Fritzhand, A., Blazevska Stoilkovska, B. (2015). *Односите на родителите со децата во семејството денес.* Труд презентиран на Меѓународната научна конференција - Соочување со општествените трауми: предизвик за социолошките истражувања, Скопје. | 1,6 |
| | 6. Fritzhand, A., Blazevska Stoilkovska, B., Shurbanovska, O. (2015). *Parents' Perception of Children's Social Understanding: Evidence from the Study on Macedonian Preschoolars.* 17th Europian Conference for Developmental psychology, Braga, Portugal. | 1,6 |
| | 7. Surbanovska O, Frichand A., Stoilkovska Blazevska B. (2016). *Perceived parental styles, friendship quality and moral emotions among adolescents,* The 6th International Congress on Interpersonal Acceptance-Rejection, Madrid, Spain. | 1,6 |
| | 8. Стојаноска Иванова Т., Фрицханд А., Шурбановска О., Блажевска Б. (2016). *Еднаквост на образовни шанси:* Меѓународна научна конференција Климентово дело (јазик, литература, образование, култура), Универзитет „Гоце Делчев“, Штип. | 1,4 |
| | 9. Shurbanovska, O., (2016). *Higher education – teacher centered or student centered.* International Scientific Conference - Pedagogy in a Modern Global Society, Ohrid. | 2 |
| | 10. Blazevska Stoilkovska B., Frichand A., Stojanoska Ivanova T., Surbanovska O. (2016). *Work obligations and cross or family responsibilities: Life roles, salience, subjective wellbeing and perceived organizational support among teachers.* International scientific conference - Pedagogy in a Modern global society, Ohrid. | 1,4 |
| | 11. Shurbanovska, O. (2018). Scale for Higher Education Teaching – Teacher-oriented or Student-oriented XXIV Scientific Conference “Empirical studies in Psychology”, Belgrade, Serbia. | 2 |
| | 12. Shurbanovska, O., Naumova, K., Frichand, A. *Divorce as risk factor of children's perception of parental rejection,* 7th International Congress on Interpersonal Acceptance and Rejection, 15-18 May 2018, Athens, Greece | 1,6 |
| | 13. Николовски, Д., Шурбановска, О. (2018). *Дислексијата (не)препознаена од Институциите – Тешкотии во учењето (дислексија)кај средношколците во Република Македонија,* во: 5та Меѓународна конференција-Трансформација кон одржливо | 1,8 |

| | | |
|---|---|---|
| | и флексибилно општество за лицата со инвалидност, Охрид | |
| 7. | **Рецензија на монографија или превод на капитално дело/речник/енциклопедија**<br>Татјана Стојаноска Иванова<br>Проф. д-р Ана Фрицханд<br>Проф. д-р Елизабета Томевска-Илиевск<br>Иванова<br>Проф. д-р Ана Фрицханд<br>Проф. д-р Елизабета Томевска-Илиевск<br>Стојаноска Иванова, Т. Фрицханд, А., Томевска-Илиевска, Е., *Насилството во училиште: Социолошки, психолошки и педагошки перспективи*, Скопје, 2018 | 0,5 |
| 8. | **Рецензија на научен/стручен труд**<br>Во списанијата IJCRSEE , Годишен Зборник на Филозофскиот факултет – Скопје, 5x0,2 | 1 |
| 9. | **Пленарно предавање на научен/стручен собир**<br>Конференција „ *Дали македонското општество е подготвено да ги прифати потребите на дислексичарите*“, 31.10.2018, Скопје | 2 |
| 10. | **Одржано предавање по покана на универзитет**<br>*Дислексија и социо-емоционалниот развој на децата*<br>Предавање одржано на Универзитетот Визион – Гостивар на 19.12.2018 | 1 |
| | **Вкупно** | **88,2** |

## СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. Број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | **Координатор во подготовка на елаборат за нова студиска програма**<br>Нова студиска програма за II циклус студии по психологија 2018/2019 (акредитирана) | 1 |
| 2. | **Поглавје во книга**<br>Извештај од истражувањето за застапеност на дислексијата помеѓу средношколците во Република Македонија, Здружение за дислексија „Ајнштајн“, Скопје, 2018 | 2 |
| 3. | **Стручна редакција на трудови на странски/македонски јазик**<br>Џон Баер, Џејмс Кофман и Рој Ф. Баумајстер, Дали сме слободни? Психологија и слободната волја, Арс Студио, Скопје<br>Доналд В. Виникот, Од домот се почнува: Есеи од психоаналитичар, Арс студио, Скопје | 2 |
| 4. | **Изготвување и пријавување на научен/образовен национален проект**<br>Инфо - ѕид дислексија (2016-2017) | 1 |
| 5. | **Дизајн или изработка на информациски систем**<br>http://www.dyslexia-info.com/<br>http://disleksija.org.mk/ | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| 6. | **Експертски активности:**<br>Седум семинари: „Дислексија, пристап, форми и методи“, одржани на наставници од основни и средни училишта во Република Македонија во периодот 2015 до 2018 година во Скопје(3), Битола, Охрид, Струмица, Штип<br>Семинар: Пристап до генерација Z и генерација ALPHA, Филозофски факултет, Скопје, 17 октомври 2017 | 8 |
| 7. | Оценувач во рамките на проектот “Further improvement of the system for development and implementation of the National Qualifications Framework” – MK 13 IPA SO 02 15 | 1 |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 1. | **Член на уредувачки одбор на меѓународно научно/стручно списание** IJCRSEE | 1 |
| 2. | **Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир**<br>Меѓународна конференција за теорија и практика во психологијата, 30 октомври – 1 ноември 2014, Скопје | 1 |
| 3. | **Раководител на постдипломски студии**<br>Институт за психологија | 2 |
| 4. | **Член на факултетска комисија**<br>Потпретседател на Комисијата за прием на студенти на Филозофскиот факултет во 2018 година | 0,5 |
| 5. | **Учество во изработка на национална програма од одредена област**<br>Наставна програма од областа сообраќајна психологија: психологија и култура во сообраќајот, сообраќајна психологија и деловна комуникација | 3 |
| 6. | **Членство во извршно тело на меѓународна организација која поддржува/организира научноистражувачка дејност**<br>Center for the Study of Interpersonal Acceptance & Rejection, University of Connecticut, USA,<br>https://csiar.uconn.edu/person/orhideja-shurbanovska-macedonia/ | 2 |
| | **Вкупно** | **26,5** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 175,85 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 88,2 |
| **СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 26,5 |
| **Вкупно** | 290,55 |

**Членови на Комисијата**

**Проф. д-р Зоран Стојановски, претседател с.р.**
**Проф. д-р Виолета Арнаудова , член с.р.**
**Проф. д-р Елена Ачковска Лешковска, член с.р.**

Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје
Ss. Cyril and Methodius University in Skopje

Универзитет „Св. Кирил и Методиј"
Филозофски факултет
Скопје
Примено: 10 -07- 2019
04 274/14

Бр. 02- 752/19
5.7.2019 година
Скопје

Врз основа на член 94, став 1, алинеја 43, член 173, став 2 и 175, став 2 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/2018), Универзитетскиот сенат на 33. седница одржана на 5.7.2019 година, ја донесе следнава

## О Д Л У К А
## потврдување на избор во звањето редовен професор

### Член 1

Се потврдува изборот во звањето редовен професор на д-р Орхидеја Шурбановска, вонреден професор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Филозофски факултет во Скопје, во наставно-научните области:

- *психологија на образование и воспитување (51005)* и
- *друго (психологија на партнерски односи) (51019).*

Редовниот професор го задржува звањето доживотно и заснова работен однос на неопределено време.

### Член 2

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Универзитетскиот гласник.

Ректор

Проф. д-р Никола Јанкуловски

ДН:
- Филозофски факултет - Скопје
- проф. д-р Орхидеја Шурбановска

Изработил: м-р Елизабета Додевска

Генерален секретар: м-р Марија Маневска